ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKE RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 02-659/2
18 02 2026 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

www.uip.gov.mk
ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА
Жиро сметки:
300000001198471 – Комерцијална банка АД Скопје
210045289640156 – Тутунска Банка АД Скопје
270045289640163 – Халкбанка АД Скопје
Даночен број : МК 4030992242532
Адреса:
ул. Коле Неделковски бр. 38
Телефон:
+389 2 3162 317
Е - маил:
info@uip.gov.mk

Врз основа на член 38 став 3 од Статутот на ЈП Улици и патишта-Скопје,Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на третата седница одржана на 18 февруари 2026 година, го донесе следното

# М И С Л Е Њ Е

По разгледувањето на доставениот материјал, од стручните служби на ЈП Улици и Патишта – Скопје, како и дискусијата по однос на Годишната сметка од работењето на ЈП Улици и патишта-Скопје, за период од 01.01. до 31.12. 2025 година, Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈП Улици и Патишта – Скопје едногласно даде позитивно мислење.
Исто така, Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈП Улици и Патишта – Скопје, предлага до Управниот одбор на ЈП Улици и Патишта – Скопје и Совет на град Скопје да донесат одлуки за усвојување на Годишната сметка за 2025 година, но кон ова мислење ги даваат следните препораки

1.Јавното претпријатие во соработка со Град Скопје да изготви план и програма на кој начин ќе се санира тешката финансиска состојба настаната со остварување загуба во работењето и да се зголеми обемот во работењето во наредниот период;

2.Да се изврши наплата на утужените побарувања;

3.Град Скопје како основач на ЈП Улици и патишта-Скопје, да даде свој допринос во покривање на загубата на начин ,набавка на соодветна опрема и механизација кои се неопходни на јавното претпријатие; и

4.Да се побара ревизија од ДЗР за работењето во 2024 и 2025 година.

Надзорен одбор за контрола
на материјално-финансиско работење
при ЈП Улици и патишта-Скопје
в.д.Претседател
Дејан Митровски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKE RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 02-664/
18 02 2026
СКОПЈЕ-SHKUP

www.uip.gov.mk
ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА
Жиро сметки:
300000001198471 – Комерцијална банка АД Скопје
210045289640156 – Тутунска Банка АД Скопје
270045289640163 – Халкбанка АД Скопје
Даночен број : МК 4030992242532
Адреса:
ул. Коле Неделковски бр. 38
Телефон:
+389 2 3162 317
Е - маил:
info@uip.gov.mk
ISO 9001:2015 ISO 14001:2015

Врз основа на член 19 став 1 точка 4 од Закон за јавните претпријатија член 27 став 1 точка 5 од Статутот на ЈП Улици и патишта-Скопје и Мислење бр.02-659/2 од 18.02.2026 година донесено од Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење, Управниот одбор на четвртата седница одржана на ден 18 февруари 2026 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА-СКОПЈЕ ВО 2025 година**

**Член 1**

Се усвојува Годишната сметка и финансиските показатели од работењето на ЈП Улици и патишта-Скопје, за период од 01.01.2025 заклучно со 31.12.2025 година и тоа како што следи:

| | |
|---|---|
| 1. **Вкупни приходи** | **218.193.498,00 денари** |
| 2. **Вкупни расходи** | **302.341.705,00 денари** |
| 3. **Загуба од работењето** | **84.148.207,00 денари** |

**Член 2**

Дадените препораки од Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење, кон мислењето

1.Јавното претпријатие во соработка со Град Скопје да изготви план и програма на кој начин ќе се санира тешката финансиска состојба настаната со остварување загуба во работењето и да се зголеми обемот во работењето во наредниот период;

2.Да се изврши наплата на утужените побарувања;

3.Град Скопје како основач на ЈП Улици и патишта-Скопје, да даде свој допринос во покривање на загубата на начин ,набавка на соодветна опрема и механизација кои се неопходни на јавното претпријатие; и

4.Да се побара ревизија од ДЗР за работењето во 2024 и 2025 година ;

Управниот одбор исто така ги прифаќа и бара истите во разумен рок да се спроведат.

**Член 3**

За реализација на оваа Одлука се задолжува Секторот за Финансиско работење.

Жиро сметки:
300000001198471 – Комерцијална банка АД Скопје
210045289640156 – Тутунска Банка АД Скопје
270045289640163 – Халкбанка АД Скопје
Даночен број : МК 4030992242532
Адреса:
ул. Коле Неделковски бр. 38
Телефон:
+389 2 3162 317
Е - маил:
info@uip.gov.mk

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се применува по добивање на согласност од Советот на Град Скопје.

**О б р а з л о ж е н и е**

Управниот одбор согласно член 19 став 1 точка 4 од Закон за јавните претпријатија, член 27 став 1 точка 5 од Статутот на ЈП Улици и патишта-Скопје и Мислење бр.02-**/2 од 18.02.2026 година, донесено од Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење,ја разгледа Годишната сметка и финансиските показатели од работењето на ЈП Улици и патишта-Скопје, за период од 01.01.2025 заклучно со 31.12.2025 година при што одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

Скопје,
18 февруари 2026 година

**УПРАВЕН ОДБОР**
**в.д.Претседател**
**Милан Андоновски**

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKË RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 02-667/3
18 02 2026 год.
СКОПЈЕ-SHKUP

www.uip.gov.mk

# ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА

Жиро сметки:
300000001198471 – Комерцијална банка АД Скопје
210045289640156 – Тутунска Банка АД Скопје
270045289640163 – Халкбанка АД Скопје
Даночен број : МК 4030992242532

Адреса:
ул. Коле Неделковски бр. 38
Телефон:
+389 2 3162 317
Е - маил:
info@uip.gov.mk

ISO 9001:2015 ISO 14001:2015

Врз основа на член 19 став 1 точка 5 а во врска со член 30 став 4 и 5 од Закон за јавните претпријатија, член 27 став 1 точка 6 од Статутот на ЈП Улици и патишта-Скопје и Мислење бр.02-**/2 од 18.02.2026 година, донесено од Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење Управниот одбор на четвртата седница одржана на ден 18 февруари 2026 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## ЗА ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБАТА ПРИКАЖАНА
## ПО ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2025 година

### Член 1

Со оглед дека ЈП Улици и патишта-Скопје,нема акумулирана добивка од претходните години, ниту законски резерви, прикажаната загубата од работењето во 2025 година, во износ од **84.148.207,00 денари,** се предлага основачот на јавното претпријатие да донесе одлука за покривање на загубата со намена за финансиска поддршка и развој на јавното претпријатие бидејќи врши дејност од јавен интерес, основано од град Скопје.

### Член 2

За реализација на оваа Одлука и доставување до Совет на Град Скопје заради добивање на согласност, се задолжува Секторот за Финансиско работење.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

ЈП Улици и патишта-Скопје,по годишната сметка од работењето за деловната 2025 година,има искажано загуба во износ од 84.148.207,00 денари,постапувајќи согласно член 19 став 1 точка 5 од Закон за јавните претпријатија член 27 став 1 точка 6 од Статутот на ЈП Улици и патишта-Скопје и Мислење бр.02-**/2 од 18.02.2026 година, донесено од Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење а во врска со член 30 став 4 и 5 од Закон за јавните претпријатија одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

Скопје,
18 февруари 2026 година

**УПРАВЕН ОДБОР**
**в.д.Претседател**
**Милан Андоновски**